**Проф. д-р Марјан Габеров**[1]

# КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЕКОЦИД ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 504.61:343.3/.7(497.7)**

**Апстракт**

Авторот во трудот прави анализа на кривичното дело екоцид, како едно од кривичните дела против животната средина, со чија помош се прават обиди за нејзина заштита и зачувување. Посебниот интерес за оваа инкриминација е тоа што таа се пропушува и на меѓународен и на национален план во оној момент кога се забележуваат сè почести случаи на уништување и оштетување на животната средина. Пропишувањето на кривичното дело екоцид, всушност, говори за подигната свест за потребата од дополнителна заштита на животната средина. Високите казни што се предвидени за сторителите на ова кривично дело, всушност, треба да претставуваат превентивен механизам, но истовремено и создавање услови за одговорност за сите оние што предизвикале штети на околината. Во трудот посебно е претставено кривичното дело екоцид од член 218-б од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

**Клучни зборови:** *животна средина, околина, екоцид, уништување, правна рамка.*

## 1. Вовед

Животната средина, правото на животна средина претпоставува и постоење на голем број прописи со кои треба да се заштити самата животна средина. Може да се тврди дека постои мошне широко поставена правна рамка на национален и меѓународен план со чија помош се воспоставуваат механизми за заштита на животната средина. Во стручната

[1] Вонреден професор, Европски универзитет – Скопје, Факултет за правни науки, gaberovmarjan@yahoo.com.

литература исто така се потенцира овој факт дека постојат многубројни закони и прописи што се однесуваат на приближно сите аспекти на животната средина. Меѓутоа, некои од нив се сметаат за застарени и несоодветни за моменталната состојба во земјата[2]. Денес, сведоци сме на една нова ера каде што се признава правото на природата да постои, да се развива и да напредува. Признавањето на правата на природата, наречено уште и јуриспруденција на Земјата (Earth Jurisprudence), вклучува измена на устави, национални закони и општи акти, но и генерално, донесување нови политики, упатства и резолуции што сè повеќе укажуваат на потребата од правен пристап што ги признава „новите права" за здрава животна средина.[3]

Кривичните дела против животната средина, вклучително и кривичното дело екоцид, ја заштитуваат животната средина, па токму затоа е потребно запознавање со самиот концепт на животната средина, односно со правото на здрава животна средина.

Животната средина и околина претставуваат сето она што нè опкружува, односно сето она што е директно или индиректно поврзано со човековата животна и производствена активност. Загадувањето на животната средина и нејзината заштита претставуваат долгогодишен предизвик за човештвото. Во последниве години сè поочигледно е дека природната средина е доведена речиси до алармантно ниво на загрозеност. Здравата околина станува сè поретка, а еднаш нарушени еколошки системи многу тешко се враќаат во својата првобитна рамнотежа.[4] Нарушувањето на еколошката рамнотежа настанува како последица на човековата производна и работна активност, преку која човекот ја „присвојува" природата и создава материјални добра. Притоа не доаѓа само до нарушување на екосистемите и природната рамнотежа, туку и до загрозување на интегритетот на самиот човек и неговото опстојување. Во 21 век, човештвото се соочува со низа глобални предизвици, меѓу кои:

- оштетување на биосферата и природните екосистеми;

---

[2] Lazetic, Gordana, Mujoska – Trpevska, Elena, Izazovi zastite zivotne sredine u Republici Severnoj Makedoniji, Temida Vol. 25, br. 3, 2022, стр. 283.

[3] Мујоска Трпевска, Елена, Остварување на правото на здрава животна средина: добри практики и преглед на судската практика на ЕСЧП, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 29, бр. 1-2, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје, 2022, стр. 1–14.

[4] Bjelajac, Zeljko, Pocuca, Milan, Markovic, Milos, Politika EU u oblasti zastite zivotne sredine s osvrtom na krivicno – pravne aspekte i ulogu porodice u razvoju ekoloske svesti, Strani pravni zivot, br. 3, 2012, стр. 527.

- нагло зголемување на светската популација – повеќе од 6 милијарди жители, со тенденција на удвојување;
- исцрпување и намалување на резервите на минерални и енергетски ресурси;
- загадување и деградација на воздухот, водата и почвата;
- глобални климатски промени;
- исчезнување и загрозување на голем број растителни и животински видови, со што се намалува биодиверзитетот;
- сиромаштија и недостиг на дом за значителен дел од светската популација;
- влошување на човековото здравје и зголемени ризици по животот;
- создавање огромни количества отпад во сите агрегатни состојби.

Во минатото, опстанокот на човековите заедници бил загрозуван од природни катастрофи, болести, војни, недостиг на храна и други појави што, иако сериозни, најчесто биле ограничени на определени подрачја. За разлика од тоа, современите кризи не произлегуваат од локални природни непогоди, туку од глобални дисбаланси во идејниот и материјалниот развој на индустриската цивилизација. Сè уште не е создаден идеален општествен систем што би ги спречил ваквите кризни состојби.[5]

Во овие услови неопходно е преземање конкретни мерки и активности со цел да се заштити животната средина, односно да се заштити правото на здрава животна средина. Шкариќ истакнува дека правото на здрава животна средина е право на секој човек на здрава животна средина, односно право на чист воздух и автентичен природен амбиент, како претпоставка за нормален развој и општествена активност на индивидуата. За да може да се обезбеди здрава животна средина, постои обврска секој човек да ја штити и да ја унапредува животната средина и природата, а државата има обврска да создава поволни услови за тоа.[6]

## 2. Кривични дела против животната средина

---

[5] Rajovic, Goran, Ekoloska svest kao osnova odrzlivog razvoja ruralnih prostora Crne Gore, Ekologica, br. 49, Beograd, 2007, стр. 67–69.

[6] Шкариќ, Светомир, Уставно право, Матица Македонска, Скопје, 2006, стр. 313.

Во посебна глава од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, конкретно во глава дваесет и втора, се предвидени кривичните дела против животната средина и природата. Станува збор за следниве кривични дела: загадување на животната средина и природата од членот 218 од КЗ, производство, трговија или употреба на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка од членот 218-а од КЗ, екоцид од членот 218-б од КЗ, загадување вода за пиење од членот 219 од КЗ, производство на штетни средства за лекување добиток или живина од членот 220 од КЗ, несовесно укажување ветеринарна помош од членот 221 од КЗ, пренесување заразни болести кај животинскиот и растителниот свет од членот 222 од КЗ, загадување добиточна храна или вода од членот 223 од КЗ, уништување насади со употреба на штетна материја од членот 224 од КЗ, узурпација на недвижности од членот 225 од КЗ, незаконита експлоатација на минерални суровини од членот 225-а од КЗ, промена на воден режим од членот 225-б од КЗ, пустошење шума од членот 226 од КЗ, предизвикување шумски пожар од членот 227 од КЗ, незаконит лов од членот 228 од КЗ, неовластено ловење, чување и отуѓување диви животни и птици од членот 228-а од КЗ, незаконит риболов од членот 229 од КЗ, загадување на животната средина и природата со отпад од членот 230 од КЗ, неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи од членот 231 од КЗ, недозволено работење на постројки од членот 231-а од КЗ, загрозување на околината со бучава, вибрации или нејонизирачко зрачење од членот 231-б од КЗ, неовластено производство, постапување и промет со опасни материи, штетни организми, семенски материјал или саден материјал од членот 232 од КЗ, убивање или уништување заштитени видови на дива флора или фауна од членот 232-а од КЗ, неовластено воведување диви видови во природата од членот 232-б од КЗ, неовластено тргување, увезување или превезување дива флора или фауна од членот 232-в од КЗ, убивање и мачење животни од членот 233 од КЗ, уништување живеалиште од членот 233-а од КЗ, тешки дела против животната средина од членот 234 од КЗ.[7]

Како што може да се забележи, Кривичниот законик на Република Северна Македонија пропишува голем број кривични дела со чија помош се заштитува животната

[7] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018, 36/2023, 188/2023).

средина и природа. Секако, од посебен интерес за нас е кривичното дело екоцид од членот 218-б од Кривичниот законик. Пред да се пристапи кон анализа на оваа инкриминација, потребно е претставување на основните карактеристики на кривичните дела против животната средина.

Камбовски и Тупанчески истакнуваат дека станува збор за општо опасни дела, односно станува збор за еколошки казнени дела што значат активирање извори на однапред неопределена опасност, што раздвижува поширок причинско-последичен процес и тешко може да се контролира. Според нивното мислење, станува збор за типични дела на загрозување што доаѓаат до израз и низ нивните законски описи. Последица на делото претставува, најчесто, конкретна опасност за животот или здравјето на луѓето или за животинскиот или растителниот свет. Одделни дела се дефинирани како дела на апстрактно загрозување во однос на животот или здравјето на луѓето или на животинскиот или растителниот свет, но со конкретна последица во однос на средината.[8] Станува збор за кривични дела што предизвикуваат долга листа на негативни последици, почнувајќи од уништување цели екосистеми и биодиверзитет, намалување на чистите почва и вода, до зголемување здравствени проблеми кај луѓето и зголемена корупција. Овие дела честопати се перципирани како дела „без жртви“ бидејќи последиците не се секогаш видливи во моментот, степенот на штета многу тешко се проценува, а прашањето за ремедијација е ставено под знак прашалник. Отежнувачка околност е тоа што жртвите од овие дела во виктимологијата не се препознаени во традиционална смисла на жртви бидејќи тоа може да ги претставуваат идните генерации, животната средина.[9]

## 3. Кривично дело екоцид од членот 218-б од Кривичниот законик на Република Северна Македонија

---

[8] Камбовски, Владо, Тупанчески, Никола, Казнено право – посебен дел, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2011, стр. 262–263.
[9] Михајлов, Марјан, Мисоски, Бобан, Михајлова-Стратилати, Елена, „Компаративна анализа на стратегии за справување со еколошки криминал“, Центар за правни истражувања и анализи, Скопје, 2021, стр. 10.

Во 2023 година се пристапи кон измени и дополнувања на Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Преку ова изменување и дополнување на Кривичниот законик се воведуваат нови кривични дела од областа на животната средина, вклучително и кривичното дело екоцид од членот 218-б, кое е од посебен интерес за нас.[10]

Донесувањето на овие измени и дополнувања на Кривичниот законик има своја точно утврдена цел. Согледувајќи ги состојбите, со донесувањето на ова законско решение, целта на законодавецот е да се направи усогласување со меѓународните стандарди, особено со актите на Европската Унија. Конкретно преку ова законско решение е направено усогласување со Регулативата на Европската Унија број 258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 2012 година за спроведување на членот 10 од Протоколот на Обединетите нации против незаконско производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и за утврдување дозвола за извоз и мерки за увоз и транзит на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција. Законското решение, исто така, содржи и одредби со чија помош се прави целосно усогласување со Директивата (ЕУ) 2017/1371 на Европскиот парламент и на Советот од 2017 година за сузбивање измами извршени против финансиските интереси на Унијата со казненоправни средства. Исто така, законските измени и дополнувања на Кривичниот законик овозможуваат и усогласување со Директивата 2014/42/ЕУ за замрзнување и конфискација на предмети и имотна корист остварени со казниви дела со ЕУ. Последната цел што се постигнува преку измените и дополнувањата на Кривичниот законик е создавањето механизми за успешна борба со еколошкиот криминал. Токму затоа во овој закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик најголемиот дел од кривичните дела се од областа на животната средина и природата.

Посебен интерес за нас, секако, е кривичното дело екоцид од членот 218-б од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Станува збор за ново кривично

[10] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 188/2023).

дело во националното законодавство што се воведува со новелата на Кривичниот законик од 2023 година.

Законското битие на кривичното дело екоцид се исполнува на начин, кој спротивно на закон, со намера да предизвика штета на животната средина, ќе преземе дејство или ќе пропушти да преземе дејство поради кое ќе настане сериозна или широко распространета или долготрајна штета на животната средина, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор.

Како и кај другите кривични дела против животната средина и природата, и кај кривичното дело екоцид, објект на заштита е животната средина. Објектот на заштита во смисла на оваа инкриминација треба да се разбере како заштитување на животната средина сѐ со цел да се обезбедат чист воздух, вода, почва и слично. Марјановиќ истакнува дека доброто, интересот или односот што се напаѓа со кривичното дело го нарекуваме токму објект на заштита, или објект на кривичното дело. Според неговото мислење, објектот на заштита е генерички поим. Тоа не е објект во материјална смисла, туку вредносна категорија.[11]

Од анализата на законското битие на кривичното дело екоцид може да се заклучи дека како сторител може да се јави секое лице. Имено, законодавецот не пропишал постоење на некое посебно својство или карактеристика на лицето што може да се јави како сторител на ова кривично дело.

Кривичното дело екоцид може да биде извршено преку дејства на сторување, како и преку несторување. Дејството на сторување кај казнените дела претставува свесно и волево однесување на човекот со кое се врши казненото дело, предизвикувајќи определена последица. Дејството на извршување е дејството со кое се остварува законското битие на казненото дело. Во казненото право постојат казнени дела што се извршуваат со несторување, пропуштање определено дејство, кое го налага законот, како волев акт на човекот, негова волева пасивност, бездејство. За извршувањето на казнените дела со

[11] Марјановиќ, Ѓорѓи, Македонско кривично право – општ дел, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2003, стр. 88.

несторување, важно е да се има предвид дека едно казнено дело е извршено на овој начин само кога сторителот го пропуштил сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предизвикувањето на последицата на делото со сторување. Законодавецот го изедначил несторувањето со сторувањето на казненото дело, а пасивноста во законот ја третира како едно правно задолжително дејство.[12] Во контекст на кривичното дело екоцид, неговото извршување со сторување претпоставува нешто да се стори, нешто да се преземе, да се активира, да се направи, со што на крајот ќе резултира со предизвикување штета на животната средина. Од друга страна, извршувањето на делото со несторување претпоставува непреземање конкретни активности, непреземање конкретни дејства што задолжително требало да се преземат и како резултат на тоа доаѓа до нанесување штета на животната средина.

Субјективната страна на делото укажува на тоа дека станува збор за умислено кривично дело. Ова значи дека кривичното дело екоцид се извршува од страна на сторителот со негова чиста свест и волја. Па така, во оваа смисла, сторителот на ова кривично дело со умисла презема или пропушта дејства поради кои се исполнува законското битие на кривичното дело екоцид.

Настанувањето сериозна штета или широко распространета или долготрајна штета на животната средина, всушност, го претставува објективниот услов за инкриминација. Штетата што може да биде сериозна, широко распространета или долготрајна, всушност, ја покажува последицата на кривичното дело екоцид, како последица што настанала како резултат на преземените дејства на сторителот или, пак, како резултат на неговото несторување. Сериозната штета на животната средина, всушност, означува значително нарушување на животната средина или на природните процеси. Широко распространетата штета означува штета што зафаќа голема географска област, штета што влијае врз голем број луѓе, штета што погодува повеќе екосистеми истовремено. Долготрајната штета означува штета што трае значително долго време и не може лесно природно да се обнови.

Што се однесува до санкцијата за ова кривично дело, може да се забележи дека законодавецот предвидел висока казна. Сторителот за ова кривично дело ќе се казни со казна

---

[12] Буџакоски, Стефан, Казнено право – општ дел, Коста Абраш АД Охрид, Охрид, 2014, стр. 118–123.

затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор. Од аспект на високо предвидената казна, може да се заклучи дека станува збор за тешко кривично дело.

## 4. Судската практика на Европскиот суд за човекови права во врска со кривичното дело екоцид

Случајот *Cannavacciuolo and others v. Italy*[13], иако се однесува на повреда на правото на живот, сепак фактите што му претходат се многу блиски со концептот на екоцид. Имено, преку систематското одлагање за третирање опасен отпад доаѓа до настанување сериозна, широко распространета и долготрајна штета по животната средина и по здравјето на луѓето. Во конкретниот случај, предизвикувањето штета е основа за утврдување повреда на правото на живот. Треба да се потенцира фактот дека Европскиот суд за човекови права, во конкретниот случај, не го користи терминот екоцид, но дејствата што се преземени и кои се опишани, целосно се поклопуваат со идејата и концептот на екоцидот.

Од случајот што се анализира може да се заклучи дека во текот на еден долг временски период, односно со децении се вршело масовно и нелегално фрлање опасен индустриски отпад. Нелегалното фрлање на овој индустриски отпад се одвивало на различни начини, преку негово закопување во земјата, преку истурање во подрачја што се сметаат за рурални, преку негово намерно палење. Палењето на опасниот индустриски отпад резултира со ширење канцерогени честички што на долг рок вршат загадување на почвата, водата, воздухот. Овие дејства предизвикуваат сериозно загрозување на животната средина, како и сериозно загрозување на здравјето на луѓето. Дејствата на загрозување на животната средина, како и на здравјето на луѓето се одвивале повеќе од три децении.

Во конкретниот случај, Европскиот суд за човекови права утврдува дека државата, конкретно Италија, пропуштила да го заштити животот на граѓаните од реалната и

[13] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-241395%22]}.

непосредна опасност што била создадена преку повеќедецениското загадување на животната средина.

## Заклучок

Во современите демократски држави, здравата животна средина, односно правото на здрава животна средина е од суштинско значење. Ова значење на здравата животна средина се наметнува како неопходно ако се имаат предвид сите проблеми што настануваат, како што се проблеми од еколошки карактер.

Казненоправната заштита на животната средина, инкриминациите што се дел од Кривичниот законик, како дела против животната средина и природата, се од огромна важност за зачувување на животната средина, како и за зачувување на здравјето на луѓето. Во оваа насока е и кривичното дело екоцид од членот 218-б од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Станува збор за релативно нова инкриминација што се воведува во сетот на еколошки кривични дела, односно инкриминација што се воведува со измената и дополнувањето на Кривичниот законик од 2023 година. И пред овие измени и дополнувања на Кривичниот законик, националното законодавство имаше солиден број кривични дела против животната средина и природата, но преку измените и дополнувањата, всушност, се следат меѓународните текови за заштита на животната средина и природата.

Не е доволно само нормирање на еколошките кривични дела, конкретно на кривичното дело екоцид. Потребна е конкретна и решителна акција за имплементирање на ова законодавство во практиката. Генералниот заклучок е дека изостанува ефикасна, системска, организирана, принципиелна и континуирана активност на надлежните органи за имплементирање на овие законски решенија. Потребни се конкретни чекори за откривање, докажување и разјаснување на еколошките кривични дела, со цел да може да се обезбеди заштита на животната средина и природата.

Со помош на кривичното дело екоцид се обезбедува суштинска заштита на животната средина. Неспорно е дека токму екоцидот е препознаен како закана, која е од

глобален карактер, па токму затоа се прави инкриминирање на дејствата на екоцидот, и на национален и на меѓународен план. Според законското битие на кривичното дело екоцид може да се заклучи дека тоа ги опфаќа најтешките форми на деградирање на животната средина. Потребна е јасна и прецизна правна рамка, која треба да овозможи успешна борба со еколошките кривични дела, вклучително и со кривичното дело екоцид. Примената на законската рамка, примената на одредбите што се однесуваат на кривичното дело екоцид треба да создаде еден силен превентивен механизам, но истовремено да се искористи и како средство со чија помош ќе се подигне свеста на населението и на државата за значењето на животната средина.

Сѐ уште е рано да го цениме постапувањето на јавното обвинителство, судот, полицијата во однос на кривичното дело екоцид, со оглед на фактот што станува збор за инкриминација што е воведена во текот на 2023 година. Казнената политика за кривичните дела против животната средина во Република Северна Македонија е релативно блага. Во вакви услови, тешко дека воведувањето на екоцидот како кривично дело ќе доведе до значителни промени, бидејќи и постојната казнена политика, и покрај законската рамка, ретко се применува со потребната строгост.

**Користена литература**

Bjelajac, Zeljko, Pocuca, Milan, Markovic, Milos, Politika EU u oblasti zastite zivotne sredine s osvrtom na krivicno – pravne aspekte i ulogu porodice u razvoju ekoloske svesti, Strani pravni zivot, br. 3, 2012, стр. 527.

Буџакоски, Стефан, Казнено право – општ дел, Коста Абраш АД Охрид, Охрид, 2014, 118–123.

Камбовски, Владо, Тупанчески, Никола, Казнено право – посебен дел, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2011, стр. 262–263.

Lazetic, Gordana, Mujoska Trpevska, Elena, Izazovi zastite zivotne sredine u Republici Severnoj Makedoniji, Temida Vol. 25, br. 3, 2022, стр. 283.

Марјановиќ, Ѓорѓи, Македонско кривично право – општ дел, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2003, стр. 88.
Михајлов, Марјан, Мисоски, Бобан, Михајлова-Стратилати, Елена, „Компаративна анализа на стратегии за справување со еколошки криминал“, Центар за правни истражувања и анализи, Скопје, 2021, стр. 10. Шкариќ, Светомир, Уставно право, Матица Македонска, Скопје, 2006, стр. 313.
Мујоска Трпевска, Елена, Остварување на правото на здрава животна средина: добри практики и преглед на судската практика на ЕСЧП, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 29, бр. 1-2, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје, 2022, стр. 1–14.
Rajovic, Goran, Ekoloska svest kao osnova odrzlivog razvoja ruralnih prostora Crne Gore, Ekologica, br. 49, Beograd, 2007, стр. 67–69.
Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018, 36/2023, 188/2023).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 188/2023).
https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-241395%22]}.

**Prof. Dr. Marjan Gaberov**[14]

## THE CRIMINAL OFFENSE OF ECOCIDE AS A FUNCTION OF ENVIRONMENTAL PROTECTION

**Abstract**

The author of this paper analyzes the criminal offense of ecocide, one of the crimes against the environment, through which attempts are made to protect and preserve it. This study is particularly relevant because this offense is often overlooked at both the international and national levels, at a time when cases of environmental destruction and damage are becoming increasingly frequent. The criminalization of ecocide reflects a growing awareness of the need for additional environmental protection. The severe penalties prescribed for the perpetrators of this offense are intended to serve as a preventive mechanism, while also ensuring that all parties bear responsibility for the damage they have caused to the environment. This paper specifically examines the criminal offense of ecocide under Article 218-b of the Criminal Code of the Republic of North Macedonia.

**Keywords:** *Environment, Surroundings, Ecocide, Destruction, Legal Framework.*

[14] Associate Professor, European University Skopje, Faculty of Law, gaberovmarjan@yahoo.com.